Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 08-12722/2
23.12.2015 година
Аминта трети бр. 2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15 и 193/15), донесе

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0302-2
11.01.2016 год.
СКОПЈЕ

## РЕШЕНИЕ
### за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2016 година изнесува 400, 00 денари.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 22.12.2015 година од Македонската риболовна федерација е доставен допис со архивски број 03-160 во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2016 година која согласно член 49 став 2 ја издава Македонската риболовна федерација.

Во доставениот допис е наведено дека предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби и дека истиот е наменет за реализација на активностите предвидени во согласност со доставената и одобрена Програма на Македонската риболовна федерација за 2016 година.

Согласно горе наведеното се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2016 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

Правна поука: *Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на решението.*

МИНИСТЕР,
м-р Михаил Цветков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојациевски
Согласен: Абдилгафар Синани